**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 20 април 2023 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Северна Македонија: март 2023 година

- Во март 2023 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** е намалена за 1,0% на месечна основа, во најголем дел поради падот на краткорочните депозити и депозитните пари, како и пад на долгорочните депозити до две години, но помал, додека готовите пари во оптек бележат раст. На годишна основа, паричната маса оствари раст од 6,6%, пред сѐ како резултат на повисоките депозитни пари и краткорочните депозити, при дополнителен позитивен придонес и на останатите компоненти.

- Во март, **вкупните депозити[3]** забележаа месечен пад од 0,9%, којшто произлегува од намалените депозити на корпоративниот сектор. На годишна основа, вкупните депозити се зголемени за 6,8%, како резултат на растот на депозитите на двата сектора, со поголем придонес на секторот „домаќинства".

Табела 1. Парична маса и вкупни депозити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2022 | 2.2023 | 3.2023 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 3.2023 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 3.2023 |
| **Парична маса М4** | **547,355** | **543,582** | **540,127** | **2.8** | **1.4** | **2.9** | **5.1** | **6.9** | **-1.7** | **0.5** | **0.8** | **3.0** | **-0.6** |
| **Парична маса М3** | **499,803** | **494,594** | **489,661** | **4.0** | **2.3** | **3.7** | **5.3** | **6.6** | **-1.8** | **0.7** | **0.9** | **2.8** | **-1.0** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | |
| *Готови пари во оптек* | 47,494 | 44,815 | 45,437 | -1.4 | 0.0 | -0.7 | 6.8 | 6.3 | -1.3 | 1.3 | -0.3 | 9.6 | 1.4 |
| *Депозитни пари* | 188,036 | 183,568 | 181,413 | 0.8 | -0.5 | 3.1 | 5.8 | 10.4 | -4.4 | 1.0 | 2.4 | 4.1 | -1.2 |
| *Краткорочни депозити* | 214,490 | 216,169 | 213,313 | 11.8 | 10.3 | 8.9 | 6.8 | 4.6 | 0.8 | 0.4 | -0.3 | 0.9 | -1.3 |
| *Долгорочни депозити до 2 години* | 49,782 | 50,042 | 49,497 | -8.5 | -14.8 | -9.3 | -3.8 | 2.5 | -3.6 | -0.2 | 1.9 | 0.0 | -1.1 |
| **Вкупни депозити** | **491,537** | **490,072** | **485,889** | **3.5** | **1.8** | **3.4** | **4.9** | **6.8** | **-1.7** | **0.4** | **0.9** | **2.6** | **-0.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 142,627 | 137,433 | 134,347 | 3.9 | -4.8 | 0.4 | 3.7 | 5.9 | -2.4 | -0.2 | 1.5 | 3.3 | -2.2 |
| *Во денари* | 94,395 | 91,071 | 88,863 | -2.7 | -7.3 | 2.6 | 2.5 | 6.7 | -4.2 | 0.9 | 3.1 | 1.0 | -2.4 |
| *Во странска валута* | 48,232 | 46,363 | 45,484 | 19.4 | 0.8 | -4.2 | 6.1 | 4.4 | 1.1 | -2.5 | -1.7 | 8.2 | -1.9 |
| Домаќинства | 323,084 | 326,064 | 326,468 | 3.9 | 5.2 | 5.3 | 5.8 | 8.4 | -1.8 | 1.0 | 1.1 | 2.7 | 0.1 |
| *Во денари* | 155,215 | 155,232 | 156,175 | -7.1 | -6.2 | -5.8 | 2.2 | 9.9 | -4.8 | 0.3 | 1.4 | 6.2 | 0.6 |
| *Во странска валута* | 167,869 | 170,832 | 170,293 | 16.1 | 17.8 | 17.1 | 9.3 | 7.0 | 1.1 | 1.7 | 0.8 | -0.3 | -0.3 |

Извор: НБРСМ.

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.
[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf
[3] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

– **Вкупните кредити**, во март, се зголемени за 0,7% и 6,6% на месечно и годишно ниво, соодветно. Притоа, месечниот и годишниот раст се резултат на зголеменото кредитирање кај двата сектора, со поизразен придонес на кредитите на секторот „домаќинства".

Табела 2. Вкупни кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2022 | 2.2023 | 3.2023 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 3.2023 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 3.2023 |
| **Вкупни кредити** | **423,114** | **420,486** | **423,239** | **9.8** | **10.0** | **9.9** | **9.4** | **6.6** | **1.7** | **1.0** | **0.9** | **1.4** | **0.7** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 205,974 | 202,286 | 203,297 | 11.9 | 12.4 | 12.6 | 11.5 | 6.2 | 2.4 | 1.1 | 1.1 | 2.6 | 0.5 |
| *Во денари* | 122,377 | 119,771 | 120,029 | 14.3 | 11.9 | 9.3 | 6.8 | 1.9 | 1.8 | -0.2 | 0.9 | 3.5 | 0.2 |
| *Во странска валута* | 83,598 | 82,516 | 83,267 | 8.3 | 13.3 | 17.6 | 19.3 | 12.9 | 3.3 | 3.3 | 1.5 | 1.4 | 0.9 |
| Домаќинства | 214,965 | 215,824 | 217,462 | 7.9 | 7.7 | 7.6 | 7.3 | 6.8 | 1.1 | 1.0 | 0.7 | 0.3 | 0.8 |
| *Во денари* | 119,178 | 119,160 | 119,896 | 7.8 | 7.7 | 6.8 | 5.2 | 4.0 | 1.1 | 0.8 | 0.4 | -0.2 | 0.6 |
| *Во странска валута* | 95,786 | 96,664 | 97,567 | 8.0 | 7.6 | 8.5 | 10.2 | 10.6 | 1.1 | 1.2 | 1.0 | 1.0 | 0.9 |

Извор: НБРСМ.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[4]




Извор: НБРСМ.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

- Во март 2023 година, **вкупните депозити на корпоративниот сектор** се намалени за 2,2% на месечно ниво, во поголем дел како резултат на падот на депозитните пари, при остварен пад и на краткорочните и долгорочните депозити во странска валута, додека краткорочните депозити во денари забележаа раст. Споредено на годишна основа, депозитите на корпоративниот сектор се повисоки за 5,9%, како резултат на зголемувањето на краткорочните депозити во странска валута, депозитните пари и краткорочните депозити во денари, во услови на пад кај долгорочните депозити во странска валута.

- **Кредитите на корпоративниот сектор**[5], во март, бележат месечен раст од 0,5%, при годишен раст од 6,2%. Анализирано по валута, растот кај двете основи е резултат на повисоките кредити во денари и во странска валута, со поголем придонес на кредитите во странска валута.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[6]




Извор: НБРСМ.

---

[5] Почнувајќи од јуни 2018 година, а во согласност со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.
[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и на самостојните вршители на дејност.

- **Депозитите на домаќинствата,** овој месец, забележаа минимален месечен раст од 0,1%, којшто пред сѐ се должи на зголемените долгорочни депозити во денари и во странска валута, при позитивен придонес и на депозитните пари, а во услови на забележан пад на краткорочните депозити во странска валута и во денари. На годишна основа, депозитите на домаќинствата се зголеми за 8,4%, главно како резултат на повисоките депозитни пари и долгорочните и краткорочните депозити во странска валута.

- Во март, **кредитите на домаќинствата** се зголемени за 0,8% и 6,8%, на месечно и годишно ниво, соодветно. Притоа, нагорната месечна и годишна промена произлегува од растот на кредитите во денари и во странска валута, со поизразен придонес на кредитите во странска валута.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2022 | 2.2023 | 3.2023 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 3.2023 | 3.2022 | 6.2022 | 9.2022 | 12.2022 | 3.2023 |
| Потрошувачки кредити | 112,504 | 112,333 | 113,304 | 7.0 | 6.7 | 6.7 | 6.3 | 6.2 | 1.0 | 1.1 | 0.8 | 0.7 | 0.9 |
| Станбени кредити | 75,905 | 76,818 | 77,464 | 15.8 | 14.9 | 12.9 | 12.7 | 11.7 | 1.5 | 1.1 | 0.9 | 1.2 | 0.8 |
| Автомобилски кредити | 358 | 354 | 352 | -0.6 | 6.2 | 0.8 | 9.1 | 9.9 | 1.2 | -0.9 | -0.5 | -0.2 | -0.5 |
| Кредитни картички | 10,324 | 10,114 | 10,150 | -4.1 | -2.1 | -0.1 | 0.7 | 0.5 | 0.7 | 0.7 | -0.1 | -0.9 | 0.4 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,963 | 6,399 | 6,430 | 0.7 | 1.5 | 0.0 | 1.0 | -0.2 | 1.1 | 0.6 | -2.0 | -10.2 | 0.5 |
| Други кредити | 2,207 | 2,150 | 2,105 | -32.9 | -35.8 | -17.1 | -15.5 | -16.1 | -2.3 | -1.4 | -1.2 | -0.7 | -2.1 |

Извор: НБРСМ.

– Во март 2023 година, гледано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, кај **потрошувачките и станбените кредити**, како најзастапени категории, е остварен месечен раст од 0,9% и 0,8%, соодветно, при годишен раст од 6,2% и 11,7%, соодветно. **Автомобилските кредити**, овој месец, се намалени за 0,5% на месечно ниво, додека на годишно ниво се зголемени за 9,9%. Во март, кредитите одобрени на **кредитни картички** бележат месечен и годишен раст од 0,4% и 0,5%, соодветно, додека кај **негативните салда на тековни сметки** е забележан месечен раст од 0,5%, при годишен пад од 0,2%. Кредитите одобрени врз **други основи,** во март, се пониски за 2,1% на месечна основа, додека на годишна основа се намалени за 16,1%.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 19 мај 2023 година (референтен пресек заклучно со април 2023).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3108 430 или 02/3215-235 лок. 108/110.